исклучок на периодот 1945-48 година, во однос на посебноста на македонскиот народ, ништо не се менува.

Според најавата на проф. Добри Мичев, допрва претстои ревизија на продукцијата на бугарската историографија за настаните во Вардаскиот дел на Македонија.

Ако по утрото се познава денот, и ако тоа преиспитување се одвива во духот на целите и задачите што пред себе ги има зацртано обновениот македонски научен институт во Софија, и неговиот орган "Македонски преглед", однапред можеме да предвидиме какви ќе бидат резултатите, заклучоците и насоките на бугарската историографија, и тоа не само во Вардарскиот дел на Македонија, во периодот на Втората светска војна.

А за какво бугарско и германско "ослободување" се работи за Вардарска Македонија, најдобро говорат следните податоци.

За време 40-месечната бугарска окупација во Вардарска Македонија, организирани се околу 160 судски процеси, на кои им е судено на комунисти, организатори и раководители на востанието, и на други прогресивни сили, кои не се помируваат со новосоздадената положба во Македонија, по Априлската војна од -1941 година. Во просек секоја недела бугарските воено полеви судови организираа и одржуваа по еден процес. Пред овие судови изведени се преку 4500 луѓе од кои 800 се осудени на смрт или доживотна робија, а другите на временски казни до 20 години робија. Судените кои добиваа ослободителна пресуда беа депортирани во 103-те логори во Бугарија.

Низ бугарските затвори за време на окупацијата во Вардарска Македонија, поминати се преку 40.000 луѓе или во просек 1000 секој месец.

Бугарскиот воен полициски и административен апарат за цело време на окупацијата во Вардарска Македонија, изнесува преку 45.000 луѓе, несметајќи ги тука просветните работници, кои исто така беа доведувани од Бугарија.

Владо ИВАНОВСКИ

## ТУРСКИ ДОКУМЕНТИ ЗА ИСТОРИЈАТА НА МАКЕДОНИЈА ПОПИСИ ОД XIX ВЕК КНИГА I

Превод, редакција и коментар, м-р Драги Ѓорѓиев, м-р Ахмет Шериф, Лили Благадуша, Скопје, 1996, 320.

Архивот на Македонија во соработка со Матица Македонска ја продолжува традицијата на објавување архивска граѓа од турската провиниенција. Архивот на Македонија започнува со издавање на една нова серија на турски дефтери под наслов "Турски документи за историјата на Македонија, пописи од XIX век."

Во оваа прва книга објавена под редакција, превод и коментар на м-р Драги Ѓорѓиев, м-р Ахмет Шериф и Лили Благадуша, обработени се четири дефтери од првата половина на XIX век.

Станува збор за два дефтери за проверка на промените кај христијанското население (Yoklama defteri), едниот за Скопската каза од 1833/34 година, а другиот за Велешката каза од 1852 година, потоа еден дефтер кој претставува попис на недвижните вакафски имоти во градот Битола од 1837/38 година, и најпосле дефтер во кој се регистрирани еснафите на градот Лерин и чифлиската раја во селата на неговата околина во 1834/35 година.

Дефтерите за проверка на христијанското население биле правени во определени интервали, обично на секои 6 месеци; во нив не биле регистрирани сите куќи и домаќинства туку само оние домаќинства и членови кои биле обврзани да го плаќаат личниот данок -

харачот, и кај кои настанале извесни промени (новороденчиња, починати, отселени, доселени и др.) во однос на претходниот попис, а за селата и маалата во кои немало промени се забележувало дека нема промени.

Целта на овие пописи била јасна, евиденција на точниот број на даночните обврзници и постојана евиденција за нивната категорија и вкупните приходи што се добивале од собирањето на тој данок.

Пописите се вршеле по вилаети, кази и села. Куќите биле поделени по маала и биле нумерирани, секој член данокоплаќач имал свој број во кој требало да се внесе настанатата промена која се ставала во посебна графа, каде се пишувала и даночната категорија (најниска, средна, највисока), името, возраста и забелешка за настанатите промени, понекогаш се пишувала и професијата дури и физичкиот изглед, што било против правилата.

Освен овие категории лица, имало и лица кои не спаѓале во овие категории и биле забележани како неработоспособни (стари, бедни, деца, сакати и др).

Дефтерот за Скопје за разлика од оној за Велес, кој е направен според сите горенаведени прописи, не ги содржи сите тие елементи, во него пред сè данокоплаќачите не се нумерирани, а се регистрирани промените настанати на Циганите (Ромите) муслимани кои живееле во Скопската каза, регистрирани се промените кај Евреите, странците кои престојувале тука и др.

Во Скопје се регистрирани вкупно 23 маала, а околните села се поделени во 4 реони: Чаир, Црна Гора, Каршијака и Дербенд.

Проверката на христијанското население во Велес ги содржи сите елементи што ги наведовме погоре, односно куќите и данокоплаќачите, со мали исклучоци, редовно се нумерирани и редовно се испишувани даночните категории и физичкиот изглед.

Градот Велес бил поделен на 12 маала, секое од нив носи свештеничко име - поп, а регистрирани биле вкупно 51 село.

Покрај демографските податоци за Скопје и Велес овие дефтери нудат извонредно богат материјал за миграционите движења што се одвивале од и кон градовите, бидејќи сите миграции се забележани дури и со местото од каде е мигрирано. Додека за Велес е карактеристично отселувањето на работоспособното население во поголемите градови на Империјата и пошироко (Скопје, Солун, Серез, Битола, Белград, Истанбул, Измир, Романија и др.). Во дефтерот за Скопје се забележуваат два елемента, прво доселувањето во градот на христијанското население од околните села и поблиските градови (Тетово, Куманово, Дебар, Велес и др.) и една жива внатрешна миграција внатре меѓу маалата во градот.

Иако граничникот за плаќање харач било паботоспособното население од 15 до 75 години, во дефтерот за Скопје најниска граница е 13, а најстарата не се прекршува, додека во дефтерот за Велес се гледа дека дури и деца од 9 години и старци над 75 години плаќале харач.

На крајот, овие дефтери ќе им овозможат на некои од денешните жители на Скопје и Велес и околните села да го доизградат семејното стебло откривајќи некои од нивните подалечни предци.

За разлика од првите два, третиот дефтер претставува попис на целокупниот недвижен вакафски имот во градот Битола направен во 1837/38 година.

Вакафскиот имот е регистриран одделно под 33 посебни наслови, од тие 28 се посебни вакафи на џамии и месџиди (мала маалска џамија, без минаре и постојан имам), 2 се означени како вакафи на посебни лица, а 3 се однесуваат на вакафски дуќани и недвижен вакафски имот даден на управување на одделни лица без наведување на кој вакаф му припаѓал имотот.

Во раниот период вакафите се давале само под закуп за една година, подоцна почнале да се даваат на подолг период, но и тоа не било доволно, па посебно во градовите почнале да се даваат вакафите на населден закуп (muqataa), со кој сопственикот на закупот стекнува право на наследна сопственост. Но, во случај на пожар или други непогоди доколку градбите биле уништени, сопственикот на закупот останувал без ништо, а вакафските имоти без приходи, била воведена двојна наемнина-кирија "Igaratein" која се плаќала во вакви случаи за сопственикот на градбата да може да ја поправи градбата или да направи нова, но земјата и натаму останувала во вакафска сопственост. Од овој дефтер можат да се увидат бројот на дуќаните, меџидите, меаните, воденицмте, ановите, потоа различните трговски и занаетчиски работилници и дуќани (преку 70 видови), да се увиди структурата на закупците (христијани, муслимани, Евреи), висината на закупот и др.

Овој дефтер нуди и податоци за многу објекти во градот Битола и околината, се спомнуваат многу џамии и месџиди, чешми, амами, кои денес не постојат. Нивното хронолошко и просторно лоцирање би можело да придонесе за добивање на слика за некогашна Битола.

Последниот дефтер се однесува на градот Лерин и е направен во 1834/35 година. Во него се наведени приходите од членовите на еснафите, имињата на мајсторите и чираците, на вкупно 7 еснафи, висината на данокот што го плаќале, а кај чифлизите се наведени по име сите чифчии од 21 село, како и данокот што тие го плаќале за чување стока и занаетчиската дејност, доколку со тоа се занимавале.

Овој зборник на документи ги содржи спомнатите 4 дефтери, настанати речиси во исто време, кои нудат извонредно богат материјал за многу сфери од тогашното живеење на овие простори, и претставува нов прилог за проучување на историјата на Македонија во овој период.

Музафер БИСЛИМИ

## Драги Ѓоргиев, СКОПЈЕ ОД ТУРСКОТО ОСВОЈУВАЊЕ ДО КРАЈОТ НА XVII ВЕК, ИНИ-Скопје, 1997, 671.

Најновава публикација на м-р Драги Горгиев, Скопје од турското освојување до крајот на XVII век што е предмет на ова претставување, всушност е преработен текст од неговата магистерска дисертација одбранета во крајот на 1995 година на Филозофскиот факултет во Скопје, под менторство на д-р Александар Стојановски.

По кусиот предговор, публикацијата-Скопје од турското освојување до крајот на XVII век, авторот ја поделил на 5 глави.

Во првата глава, посветена на паѓањето на Скопје под турска власт, со која авторот имал намера да нè воведе во третиранава проблематика, засегнати се меѓу другото следниве прашања: Скопје во периодот пред турското освојување, со посебна елаборација како денешниот главен град на Р. Македонија во пролетта на 792 година по хиџра, односно меѓу септември 1391 и јануари 1392 година бил освоен од Турците Османлии. Во врска со тоа, меѓу бројната автентична документација главно црпена од официјалните архиви од Цариград, Анкара и Скопје, во врска со оваа глава на едно место м-р Драги Ѓеоргиев исползувал еден документ поврзан со султанот Бајазит, кој би се рекло мошне мирно го освоил Скопје. Во таа смисла, авторот на 21 стр. забележал: Султанот "Бајазит склучи мир со кнезовите во Македонија и го насели Скопје, доведу-